Бр. 09-4077/2
08-11-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и третата седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-4077/1 од 29.08.2019 година, бидејќи во истиот нема сомневање за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди судир на интереси.

Предметот со број 09-4077/1 од 29.08.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-4077/1 од 29.08.2019 година е оформен врз основа на доставена анонимна претставка со наводи дека постои судир на интереси во случај кога се доделени парични средства од страна на Фондот за иновации на РСМ на приватна фирма чиј сопственик е блиско лице на член на совет на општина.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во пријавата нема индиции за постоење на судир на интереси за да поведе постапка и да утврди постоење на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk